РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр./Nr. 09 - 1976/1
25-02-2021
24-02-2021
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Државната комисија постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси на 46 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 19.02.2020 година ја донесе следнава

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1976/1 од 25.03.2019 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1976/1 од 25.03.2019 година. Имено, Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по овој предмет, но и по предмети со слични или скоро исти наводи за вработувања спроведени по Законот за работни односи утврди дека иако постојат основи на сомневање за влијанија при вработувањата, не постојат законски механизми за поништување на огласи или изрекување на санкции кон одговорните лица на институциите. Спроведените надзори над вработувањата по Законот за работни односи од страна на надлежните инспекторати исто така не укажуваат на незаконски постапки при вработувањата.

Предметот со број 09-1976/1 од 25.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1976/1 од 25.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против повеќе лица, со различни наводи и тоа дека директорката на ----------- комора на РСМ, -------- нема поднесено анкетен лист до ДКСК, како и наводи за постоење на непотизам при вработување на повеќе блиски лица на бивши декани на факултети, редовни професори и други лица од Државниот универзитет „Гоце Делчев" Штип во текот на 2017 и 2018 година.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека согласно член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси лицето ---------- нема основ до ДКСК да поднесе образец анкетен лист и образец изјава за интереси, по што наводите од пријавата не се потврдуваат.

Од друга страна, во однос на пријавените лица вработени на наведениот универзитет, а за кои во пријавата стои дека се блиски лица на повеќе професори и претходни декани од истиот универзитет и се вработени во текот на 2017 и 2018 година, ДКСК утврди дека согласно Законот за прекршоци настаната е застареност на дејството.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З, советник
Одобрил: К.Н, член на ДКСК